ПОЧНАА „НЕДЕЛИТЕ НА МОДЕРНА МАКЕДОНСКА УМЕТНОСТ“ ВО ЗАГРЕБ

# Отворена вратата за културна размена

*„Неделите на модерна македонска уметност“ во Загреб, чија цел е да бидат достоен репрезент на најактуелните и најквалитетните сегменти од македонската култура, ќе бидат отворени со изложбата „Скриени текстови“ во која се вклучени шест македонски автори*

Денеска, во една од најзначајните загрепски галериски простори, во Хрватското друштво на ликовни уметници, ќе бидат отворени „Неделите на современа македонска уметност„ со изложбата „Скриени текстови„, која е од концептуален карактер и тематски поставена од кустосите Соња Абаџиева и Небојша Вилиќ. Во поставовката се вклучени уметниците: Жанета Вангели, Оливер Мусовиќ, Христина Ивановска, Љупка Делева, Томе Аџиевски и Станко Павлески.

Иницијатор на „Неделите...“ е македонскиот академски сликар Крунислав Стојановски, кој живее и работи во Загреб. Проектот има за цел да биде достоен репрезент на најактуелните и најквалитетните сегменти од македонската култура, што подразбира организирање ликовни поставовки, концерти, трибини, проекции и предавања.

Во реализацијата на проектот се вклучени македонското Министерството за култура, хрватското Министерство за култура, Институтот отворено општество - Хрватска, Институтот отворено општество - Македонија, Прохелвеција - Скопје, Култур-контакт од Виена, Македонската амбасада во Хрватска, Бирото за култура на град Загреб...

Проектот опфаќа реализација на ликовни поставовки, концерти, проекции, трибини и предавања, а иницијалната идеја му е преку секој реализиран проект уметниците, кустосите и новинарите да се запознаат меѓусебно и да се изродат нови свежи идеи за заеднички проекти.

Стојановски смета дека подготвувањето на вакви проекти се од неодминлива важност за двете земји меѓу кои во последниве десет години реализираа размена на културни настани што побудија сериозен интерес кај љубителите на уметноста.

„Ќе бидат претставени дел од најквалитетните и најактуелните сегменти од македонската култура, креирани според светски стандарди и кои досега не биле презентирани пред хрватската јавност. Вaквите репрезентативни проекти ќе ги отворат вратите на културната размена, ќе овозможат поголема културна соработка и, се разбира, нови критеритуми во уметноста“, вели Стојановски.

Во текот на следните денови, во галеријата „Нова„ со самостојни изложби ќе се претставaт уметниците Елизабета Аврамовска, која подоцна ќе одржи и предавање на Ликовната академија во Загреб, Јане Чаловски и Нора Стојановиќ, која ќе се претстави со перформанс пред почетокот на концертот на Б.О.Р.Г. Во галеријата Матица-Хрватска, Никола Гелевски ќе претстави стрип-табли од осум автори (Александар Станковски, Синиша Цветковски, Игор Тошевски, Горанд, Иванка Апостолова, Љубо Стефанов и Киро Арсовски). Изложбата на фотографии на режисерот Милчо Манчевски ќе биде изложена во Хрватската академија на науки и уметности, каде концертот ќе одржи и младиот пијанистички гениј Симон Трпчевски. Ќе бидат прикажани и долгометражниот арт-филм „Макlabас„, новиот филм на Жанета Вангели, филмот „Крај на 20 век„ во режија на Александар Поповски и на Дарко Митревски, краткометражниот филм „Една четврт„ во режија на Атанас Георгиев, како и трите филмови „Клок„, „Гајда„ и „Кавал„ на Игор Иванов - Изи. Концерти од сферата на џезот, етнорокот, хардкорот и електронската музика ќе одржат групите: „Анастасија“, „Фолтин“, Тони Китановски трио, Б.О.Р.Г... И. ТАСЕВ



Од стрипот на Игор Тошевски



КИНОТО ...
КОРИСТ...

## „Напр... албан...

*Киното в... добие нов... тоа веќе н...*

Вчера „Гр... кое се наоѓа н... на Детскиот... театар за деца... вата потекна... предаде на Ми... то велат дек... воопшто не е...

„Киното ‘Н... затоа што н... стопанисувал... ја е во нивна... ектот со одл... турен центар... Досега беше к... кое се проект... дека на овој н... навистина зас... собираат деца... на Министерс...

Киното „Н... „Градски кина... дека во сопстве... јекти за кинопр... мови, во идни... други за кои не... риод кога „Гра... прикажуваjќи... ратските сним...

# Изложба на таписерии во КИЦ

Вечерва, со почеток во 19,30 часот, во Културно-информативниот центар - Скопје, ќе биде отворена изложба на таписерии насловена „Распраvnичe“ ...

ерии се занимава и со илустрација, моден костим, сценографија и костимографија. Живее и работи во Бел...




# Изложба на пл...

Во Музејот на град Скопје... черва во 20 часот, ќе биде отво... изложба на плакати од Пјер... дел. Изложбата насловена...